**Проф. д-р Александра Груевска-Дракулевски**[1]

# ПРИКАЗ
# на
# „Мапирање на виктимологијата на Балканот: регионална студија за виктимологијата и заштитата на жртвите со критичка анализа на тековните политики за жртвите“
## Уредена од Горазд Мешко, Естер Шарик, Ана-Марија Гетош Калач

**1.19. Приказ на книга**
**УДК 343.988(497)(049.3)**

„Мапирање на виктимологијата на Балканот: регионална студија за виктимологијата и заштитата на жртвите со критичка анализа на тековните политики за жртвите“, уредена од Горазд Мешко, Естер Шарик, Ана-Марија Гетош Калач, е дел од Истражувачката серија на Институтот за странско и меѓународно кривично право „Макс Планк“, Том 4, публикации на Партнерската група „Макс Планк“ за балканска криминологија, во издание на „Duncker & Humblot GmbH“, Берлин, Германија, 2020 година.[2]

Балканскиот регион предолго е „terra incognita“ во европската криминолошка и виктимолошка истражувачка област. Овој дефицит може да се објасни, главно, поради недостигот на публикации на англиски јазик (со мал број исклучоци). Овој том е од голема важност за развојот на виктимолошки истражувања и политики и практики во балканските земји. Резултатите од ова регионално компаративно виктимолошко истражување потекнуваат од Четвртата годишна конференција на Партнерската група „Макс Планк“ за балканска криминологија, во организација на Унгарскиот национален институт за криминологија (ОКРИ) во Будимпешта во 2017 година.

Првиот дел од овој том ја претставува севкупната слика за виктимологијата на Балканот од поширока (западна) европска и културна перспектива, проследено со поглавја за различни држави за ситуацијата и статусот на жртвите, формални и неформални одговори на виктимизација, заштита на жртвите и преглед на виктимолошките истражувања во вториот дел. Во првиот дел, Антони Пембертон (Antony Pemberton) ги елаборира културните перспективи на виктимологијата во различни региони во Европа и влијанието на западната виктимологија врз другите „виктимологии“. Зоран Кандуч (Zoran Kanduč) се осврнува на постмодерните перспективи за жртвите на криминал и виктимизацијата во регионот. Првиот дел завршува со кратки апстракти од поединечните извештаи за државите, кои целосно се дадени во вториот дел.

Во вториот дел се поместени петнаесет поединечни извештаи за тринаесет земји од регионот и пошироко.

---

[1] Редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје,

[2] Gorazd Meško, Eszter Sárik, Anna-Maria Getoš Kalac (eds.), “Mapping the Victimological Landscape of the Balkans: A Regional Study on Victimology and Victim Protection with a Critical Analysis of Current Victim Policies”, Research Series of the Max Planck Institute for Foreign and International Criminal Law, Publications of the Max Planck Partner Group for Balkan Criminology, Edited by Hans-Jörg Albrecht & Anna-Maria Getoš Kalac, Volume BC 4, Duncker & Humblot GmbH, Berlin, Germany, 2020.

Со свои извештаи во томот учествуваат: Евиса Камбелари, „Албанија: Виктимологија и заштита на жртвите“; Моника Стемпковски и Барбара Крамл, „Австрија“; Азра Аџајлиќ-Дедовиќ и Миодраг Симовиќ, „Босна и Херцеговина: Развојот на виктимологијата и заштита на жртвите“; Камен Љубомиров Новиков, „Бугарија“; Ана-Марија Гетош Калач, Сунчана Роксандиќ Видличка и Зоран Буриќ, „Хрватска: Виктимологија, виктимизација (типологија) и заштита на жртвите“; Андреа Тунде Барабас, „Унгарија: Виктимизација и прашања поврзани со жртвите на ресторативна правда“; Акос Кара, Ана Бакнеж, Естер Сарик и Викторија Сентмихали-Соос, „Унгарија: Виктимологијата во Унгарија“; Велимир Ракочевиќ и Александра Јовановиќ, „Црна Гора: Виктимологија и заштита на жртвите“; Гордана Лажетиќ и Александра Груевски-Дракулевски, „Република Северна Македонија: Виктимологија и заштита на жртвите“; Андра-Роксана Трандафир и Флавиу Чиопец, „Романија“; Весна Николиќ-Ристановиќ и Сања Чопиќ, „Србија: Виктимологија и заштита на жртвите“; Горазд Мешко, Катја Еман, Рок Хацин и Уршка Пирнат, „Словенија: Виктимологија и виктимолошко истражување – минати, сегашни и идни предизвици“ и Туба Топчуоглу и Селман Дурсун, „Турција: Виктимологија и заштита на жртвите“.

Со задоволство истакнуваме дека професорките од Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Гордана Лажетиќ и Александра Груевски-Дракулевски, подготвија извештај за Виктимологијата и заштитата на жртвите во Република Северна Македонија. Во извештајот тие забележуваат дека иако се прават напори за подобра заштита на жртвите во Република Северна Македонија, успешното спроведување на политиките за заштита на жртвите сè уште се соочува со многу предизвици. Во согласност со Директивата 2012/29/ЕУ, дефиницијата за „жртва на криминал“ треба да се прошири за да ги опфати членовите на семејството како индиректни жртви: брачниот другар или лицето што живее со жртвата во брачна врска, во заедничко домаќинство, роднините во права линија, браќата и сестрите и издржуваните лица на жртвата, како и другите членови на семејството на лицето чија смрт е директно предизвикана со кривичното дело и кои претрпеле штета како резултат на смртта на тоа лице. Исто така, постои и потреба да се обезбеди надоместок за жртвите на насилство од државата. Во моментов, тоа не постои, иако Република Северна Македонија ги има ратификувано сите релевантни меѓународни инструменти и веќе ја прифати обврската за спроведување на оваа форма на компензација во земјата. Во текот на претстојните измени на Законот за правда за децата, постои неопходност од повторно воведување Фонд за обесштетување на децата жртви на насилнички криминалитет. Понатаму, се наметнува и потреба од обезбедување процесна рамка што ќе им овозможи на претставници од специјализирани невладини организации да ги придружуваат децата жртви – било да се тие специјализирани за давање помош и поддршка за жртвите воопшто или (барем) за жртви на одредени кривични дела, како што се трговија со луѓе, семејно насилство, педофилија итн.

Овој том не е само збирка од истражувања на поединечни држави, туку основно четиво за специфичните политики за виктимизација и заштита на жртвите во секоја од државите. Има и трудови од релевантни соседни земји што треба да ги збогатат специфичните балкански перспективи. Трансфер на идеи, резултати од истражување, практики, политики и законодавни модели/решенија/примери може да придонесат за разбирање на ситуацијата и потребите на жртвите, како и развој на ефективни шеми за заштита на жртвите.